**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

# АНКЕТА ЗА КРЕДИТНАТА АКТИВНОСТ ПО ГРУПИ БАНКИ

ПРВ КВАРТАЛ, 2021 ГОДИНА

април 2021 година

# *Резиме на резултатите од Анкетата за кредитната активност по групи банки*[1;2]

## *Големи банки*

### Кредити на претпријатијата

- Кредитна политика: непроменети кредитни услови за одобрување на корпоративни кредити, исто како и во претходната анкета.

- Кредитна побарувачка: нето-намалување на побарувачката на корпоративни кредити, со слична динамика како и во претходната анкета.

- Очекувања за вториот квартал од 2021 година: непроменети услови за одобрување на корпоративни кредити, при нето-зголемување на побарувачката.

### Кредити на домаќинствата

- Кредитна политика: нето-олеснување на условите за одобрување кредити на домаќинствата, при непроменети кредитни услови во претходната анкета.

- Кредитна побарувачка: нето-зголемување на побарувачката на вкупните кредити на домаќинствата, при мало нето-намалување во претходната анкета.

- Очекувања за вториот квартал од 2021 година: натамошно нето-олеснување на кредитните услови, при нето-зголемување на побарувачката на кредити од страна на домаќинствата.

## *Средни банки*

### Кредити на претпријатијата

- Кредитна политика: натамошно нето-заострување на условите за одобрување корпоративни кредити, поизразено во споредба со претходната анкета.

- Кредитна побарувачка: непроменета побарувачка на вкупните корпоративни кредити, за разлика од нето-зголемувањето во претходната анкета.

- Очекувања за вториот квартал од 2021 година: натамошно нето-заострување на условите за одобрување корпоративни кредити, при нето-зголемување на побарувачката на корпоративни кредити.

### Кредити на домаќинствата

[1] Методологијата на Анкетата за кредитната активност по групи банки е претставена во посебен прилог, којшто може да се најде на следнава врска: Методологија на анкетата за кредитната активност.
[2] Временска серија од податоците на Анкетата за кредитната активност по групи банки може да се најде на следнава врска: Временска серија по групи банки.

- Кредитна политика: нето-олеснување на условите за одобрување кредити на домаќинствата, слично како во претходната анкета.

- Кредитна побарувачка: нето-намалување на побарувачката на кредити на домаќинствата, но послабо во споредба со претходната анкета.

- Очекувања за вториот квартал од 2021 година: непроменети услови за одобрување кредити на домаќинствата, при нето-зголемување на побарувачката.

***Мали банки***

## Кредити на претпријатијата

- Кредитна политика: непроменетост на условите за одобрување корпоративни кредити, исто како и во претходната анкета.

- Кредитна побарувачка: нето-зголемување на побарувачката на корпоративни кредити, слично како и во претходната анкета.

- Очекувања за вториот квартал од 2021 година: непроменетост на кредитните услови и на побарувачката на корпоративни кредити.

## Кредити на домаќинствата

- Кредитна политика: непроменетост на условите за одобрување кредити на домаќинствата, за разлика од малото нето-олеснување во претходната анкета.

- Кредитна побарувачка: нето-намалување на побарувачката на кредитите на домаќинствата, послабо во однос на претходната анкета.

- Очекувања за вториот квартал од 2021 година: нето-олеснување на кредитните услови, при нето-зголемување на кредитната побарувачка.